# VI тема:
# Античко наследство во Македонија

## VI 1.3. Археолошко наоѓалиште Стоби (Stobi)

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Местоположба и историски развој на Стоби




- Археолошкото наоѓалиште Стоби се наоѓа помеѓу реката Црна (во антиката Еригон) и реката Вардар (во антиката Аксиос), во близина на градот Велес.
- Материјалните остатоци укажуваат дека населбата функционирала во архајскиот и класичниот период.
- Римскиот историчар Тит Ливиј оставил податоци дека Стоби постоел во времето на хеленизмот (197 год. пр. н.е.), а со римската окупација на античка Македонија (167 год. пр. н.е.), започнува процесот на развивање на населбата како главен центар за трговија со сол.
- Кон крајот на VI век н.е. Стоби бил напуштен.

**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

Во времето на царот Октавијан Август градот добива статус oppidum civium Romanorum (град на римските граѓани), а подоцна станува и муникипиј (лат. Municipium Stobensium). Муникипиите се градови со локална самоуправа, но граѓаните немаат римско државјанство, само италско право.




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 2. Причини за напуштање на градот



- Уште во IV век н.е. Стоби станува седиште на првата христијанска заедница и престолнина на провинцијата Македонија Секунда.
- Од средината на V-от век н.е. бил жестоко напаѓан од Хуните; го напаѓаат и Остроготите.
- Преселбите на Словените и движењата на Аварите и Кутригурите во тек на VI век н.е. ќе доведат до целосно опустошување на Стоби и негово конечно напуштање.

**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Стоби бил на крстопат помеѓу Тесалоника (Солун) на југ и Сирмиум (Сремска Митровица) на север, Хераклеја Линкестидска на запад и Пауталија (Ќустендил) и Сердика (Софија) на исток.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски



# 3. Археолошки остатоци

Градби и патишта откриени во археолошкото наоѓалиште:

- Театар
- Епископска базилика
- Via sacra (света улица)
- Епископска резиденција
- Domus Fulonica
- Via principalis superior et inferior
- Теодосијанска палата
- Куќа на Перистерија
- Градска чешма
- Голема Бања
- Куќа на Полихарм (куќата на псалмите)
- Синагога базилика
- Цивилна и северна базилика
- Коцкарница и др.



**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Најпознатиот жител на Стоби живеел во V век. Неговото име е Јован од Стоби (Ioannes Stobaeus) и е познат како антички автор кој составил антологија од четири целосно зачувани книги.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Училишна задача: Истражувај за Стоби!



1. Во Мајкрософт Пауерпоинт направи кратко истражување за Стоби.
2. Вметни фотографии во слајдовите.
3. Презентирај го за време на час и прикачи го во твојата папка на Мајкрософт Тимс.

Извор за истражување:
www.stobi.mk



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND